**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17-10-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4935 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

## Член 75 став 1 од Изборниот законик

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Четвртиот десетдневен период, од 2 до 11 октомври 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, опфати десет изданија на Дневникот од 20 часот, на ТВ 24 Вести, со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 4 часа 34 минути и 42 секунди, составен од прилози од претежно информативни жанрови - вест, вест во низа, извештај, интервјуа и изјави.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 24 Вести | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 00:11:13 | 4,08 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:09 | 1,87 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:38:59 | 14,19 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:05 | 0,39 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:07:08 | 2,60 | % |
| Граѓански сектор | 00:26:56 | 9,80 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:13:07 | 4,77 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:22:02 | 8,02 | % |
| Други субјекти | 00:51:25 | 18,72 | % |
| Без субјекти | 00:31:02 | 11,30 | % |
| Специјално обвинителство | 00:09:17 | 3,38 | % |
| Судство | 00:05:36 | 2,04 | % |
| Левица | 00:02:44 | 1,00 | % |
| Шарена револуција | 00:01:25 | 0,52 | % |
| Либерална партија | 00:00:31 | 0,19 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:50 | 0,30 | % |
| Влада на РМ | 00:21:11 | 7,71 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:47 | 0,29 | % |
| Јавно обвинителство | 00:05:45 | 2,09 | % |
| Собрание на РМ | 00:05:16 | 1,92 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:01 | 0,37 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:47 | 1,74 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:19 | 0,12 | % |
| Унитети | 00:00:19 | 0,12 | % |
| Беса | 00:00:19 | 0,12 | % |
| ФРОДЕМ | 00:00:58 | 0,35 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:58 | 0,35 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:35 | 0,94 | % |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:01:02 | 0,38 | % |
| АРМ | 00:00:56 | 0,34 | % |
| | **Вкупно: 04:34:42** | **100** | **%** |

Најмногу време во вестите е одвоено за категориите *„Други субјекти", „Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари", „Без субјекти"* и *„Граѓански сектор"*. Во овој извештаен период под категоријата *„Други субјекти"* се кодирани изјавите и активностите на: универзитетски професори, Регулаторната комисија за енергетика, стопански комори, Сеизмолошката лабараторија, Џонсон Контролс, НБРМ, Интернационалниот филмски фестивал „Киненова", адвокати, УКИМ, Билјана Апостолова – МИТ, Велија Рамковски, Ѓорѓи Христов, Дејан Гацов, Маркус Туч – СТС „Текстајлс", новинарките Сашка Цветковска и Наташа Стојановска, МАНУ, академици, Саше Деспотовски – Стопанска банка, Елена Мисиркова – пијанист, Царевка Виличиќ – борец од НОБ, Данчо Герасимовски – поранешен директор на Заводот за статистика и др. Оваа категорија е застапена со 51 минута и 25 секунди.

Групата Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари е застапена со 38 минути и 59 секунди, преку активностите на: Ричард Ховит; Џанлука Роко - ОБСЕ; Беким Имери – Светска Банка; амбасадата на САД; УНДП; Андреа Катич – министер за одбрана на Словенија; Виталиј Чуркин; Самуел

Жбогар; Едвард Кукан; Маја Коцијанчич; Џес Бејли; Нина Суомалаинен – шефицата на мисијата на ОБСЕ во Скопје; ММФ и др.

Како третозастапена во вестите со 31 минута и 2 секунди е методолошката категорија *„Без субјекти"* во која се кодираат прилозите кои се потпираат на изјави од граѓани поврзани со различни теми: „Втор месец агонија на Ромите под Кале", „Се намалува бројот на студенти на државните и приватните факултети", „Изречени 16 казни за правење ајвар на јавна зелена површина", „Стартува грејната сезона", „Студентите на референдум, на УКИМ се појави и директорот на БЈБ – Митко Чавков", „Учесници на протест пред судот, со поддршка за Павле Богоевски", „Протест на родители пред основното училиште во Ѓорче Петров", „Стајковци – два месеци по поплавите", „Тетовските гимназијалци привремено на настава во старото медицинско училиште", „Топол оброк за бездомниците", „Човек со гангрена предизвикува ужас во скопско Драчево", „Светски ден на бездомништвото", „Граѓански марш во Скопје" и др.

За *„Граѓанскиот сектор"* се одвоени 26 минути и 56 секунди, а во категоријата се опфатени пренесените соопштенија или пак директните обраќања на претставниците од Комитетот за човекови права, Центарот за граѓански комуникации, Студентскиот пленум, НВО „Отворена порта", Транспаренси Интернешенл, Здружението за помош на лица болни од ХИВ, МЦЕО, Хелсиншкиот комитет, НВО „Хера", Меѓаши, Советот на родители, Професорскиот пленум, ССНМ, Синдикатот на сексуалните работници, Здружението „Љубезност", Црвен Крст, НВО „Аналитика", НВО Инфоцентар, Синдикатот на професионалните војници и др.

За категоријата *„Експерти/аналитичари"* се одвоени 22 минути и 2 секунди. Нивни изјави се вклучени во голем број прилози, посебно во оние што ги третираат актуелните теми. Во овој извештаен период во рамки на вестите се емитувани изјави на повеќе универзитетски професори - Марјан Петрески, Никола Поповски, Марјан Ѓуровски, Бајрам Положани, Предраг Трпевски, Ирена Кикириткова, Илија Ацески, Љубе Трпески, Хасан Јашари, Светомир Шкариќ, Методија Трајановски, Горан Рафајловски, Игор Ивановски, потоа на Бојан Шимбов (економист), Васко Ташковски (академик), Алберт Муслиу (аналитичар), Владо Камбовски (академик) и др.

Владата на Република Македонија со 21 минута и 11 секунди е присутна преку следниве теми: Вработувања во МВР; „Се намалува бројот на студенти на државните и приватните факултети"; Реакција на МИОА за темата оценување на администрацијата; Изјава на министерот за здравство Никола Тодоров („Пациентите со „конјуктивит" и „настинка" ќе се лекуваат само на матичен лекар"); Изјава на министерот за економија Дритон Кучи („10 години дел од ЦЕФТА"); Изјава на портпаролот на Владата на РМ Александар Ѓорѓиев („Владата почнува со целосно обештетување на поплавените"); Изјави од директорот на БЈБ, Митко Чавков и на дополнителниот заменик министер за внатрешни работи, Оливер Андонов, за случајот со боледувањата на началници во МВР; Изјава на вицепремиерот Владимир Пешевски („нова инвестиција во Велес од 40 милиони евра") и др.

Од политичките партии најмногу време е одвоено за СДСМ (11 минути и 13 секунди), а потоа за ВМРО ДПМНЕ (5 минути и 9 секунди). Покрај нив како субјекти во вестите се појавуваат уште 11 политички субјекти (ДПА-ДР, Левица, ЛП, ДС, ДУИ, ДПА, Унитети, Беса, ФРОДЕМ, ЛДП, АПМ).

Телевизијата во повеќето прилози настојува да обезбеди различни гледишта и мислења.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ 24 Вести | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 00:02:14 | 2,82 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:02 | 2,56 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:15:52 | 20,01 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:37 | 0,78 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:09 | 3,97 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:36 | 15,89 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:12:02 | 15,18 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:22 | 1,72 | % |
| Други субјекти | 00:18:02 | 22,75 | % |
| Левица | 00:01:10 | 1,47 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:52 | 1,09 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:29 | 0,61 | % |
| Влада на РМ | 00:06:35 | 8,30 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:16 | 0,34 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:14 | 0,29 | % |
| Шарена револуција | 00:00:08 | 0,17 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:12 | 0,25 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:40 | 0,84 | % |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:00:45 | 0,95 | % |
| | **Вкупно: 01:19:17** | **100** | **%** |

Најмногу директни обраќања се регистрирани за субјектите кодирани како *Други субјекти* (18 минути и 2 секунди), потоа за категориите *Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари* (15 минути и 52 секунди), *Граѓански сектор* (12 минути и 36 секунди) и *Експерти/аналитичари* (12 минути и 2 секунди).

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

***Очи в очи***

Во извештајниот период, гледачите го изразуваа своето мислење на следниве теми во информативно контактната програма *Очи в очи* која се емитува секој ден, освен сабота и недела:

На 3 октомври 2016 година, во 8 часот и 3 минути се емитуваше репризно издание со наслов: „Високи патни трошоци за функционерите, потреба или алчност?"

На истиот датум во 16 часот и 14 минути се емитуваше ново издание на емисијата на тема: „21 година од атентатот на Глигоров, кој сакаше да го убие претседателот?"

На 4 октомври 2016 година, со почеток во 16 часот и 16 минути, беше премиерното издание на емисијата на тема: „Каде да се прави ајвар? 50 евра казна за готвење пред зграда". Репризното издание беше на 5 октомври 2016 година.

Новата емисија емитувана на 5 октомври 2016 година, во 16 часот и 15 минути ја отвора темата: „Дали со повторно гласање СЈО ќе ги добие бараните измени во законот?" Репризното издание беше на 6 октомври во 8 часот и 9 минути.

На 6 октомври 2016 година, со почеток во 16 часот и 15 минути беше премиерното издание на тема: „Стајковци-Владата вети исплата, поплавените од свој џеб ги средуваат домовите". Оваа емисија беше репризирана на 7 октомври 2016 година, во 8 часот и 8 минути.

Во емисијата емитувана на 7 октомври 2016 година, со почеток во 16 часот и 15 минути, темата беше: „Образованието на удар, професори и универзитети под истрага, хајка или криминал?". Репризното издание на емисијата беше емитувано на 10 октомври 2016 година, во 8 часот и 8 минути.

На 10 октомври 2016 година, со почеток во 16 часот и 15 минути, гледачите го изразуваа своето мислење на темата: „Дали постои институционално решение за човекот со гангрена во Драчево?". Репризното издание на емисијата беше на 11 октомври 2016 година, во 8 часот и 8 минути.

***Тренд – економија и бизнис***

На 2 октомври 2016 година, беше емитувано репризно издание на емисијата *Тренд – економија и бизнис* на темите: „Времено или буџетско финансирање во 2017"; „Како заврши 2016"; „Колку и како политичката криза имаше разорно дејство врз економијата", со гостите - професори: Трајко Славевски и Ванчо Узунов.

На 3 октомври 2016 година, со почеток во 20 часот и 54 минути, беше емитувано премиерното издание на емисијата на тема „Дали граѓаните се еднакви пред законот?" (емисија посветена на протестите на граѓаните – протест на вработените во МЗТ леарница и на граѓаните исклучени од парно). Гости беа: граѓанските активисти и членови на здружението „Но Пасаран" Маријан Ненов и Дончо Василев; претседателот на Синдикатот на вработените во МЗТ Леарница Љупчо Чекаловиќ и Синиша Младеновиќ, вработен во МЗТ Леарница. Водителката на емисијата, Анета Додевска посочува дека за учество во емисијата биле упатени покани и до Регулаторната комисија за енергетика, од каде не добиле одговор; до Балкан Енерџи Груп, не можеле да учествуваат поради службено патување и до директорката на МЗТ Леарница, Виолета Стојковска, која испратила соопштение до телевизијата, кое содржи обвинувања до вработените што протестираат. Репризните изданија беа на 4, 5 и 9 октомври 2016 година.

На 10 октомври 2016 година, со почеток во 20 часот и 55 минути се емитуваше премиерно издание на емисијата. Теми беа: „ПИОМ и извештаите од ММФ и Светска Банка"; „Дали меѓународните финансиери испорачаа оценки што досега беа премолчени или дали досегашните мецени на Владата предводена од ВМРО ДПМНЕ и ДУИ полека и вртат грб". Гости во емисијата беа универзитетските професори Никола Поповски и Игор Ивановски, како и Марјан Николов, Центар за економска аналитика. Во текот на емисијата беше прикажано интервјуто емитувано претходниот ден со министерот за финансии Кирил Миноски.

*Интервјуа*

***Патот до успехот***

Емисијата „*Патот до успехот*", од 2 и 4 октомври 2016 година, беше реприза на интервјуто со професорката Гордана Силјановска Давкова. На 2, 5 и 8 октомври 2016 година, се емитуваше реприза на интервјуто со фудбалската легенда Методија Спасоски. На 8 октомври 2016 година, премиерно е емитувано интервјуто со академикот Васко Ташковски. Емисијата бележи 3 репризни изданија, две на 9 и едно на 11 октомври 2016 година.

На 2 октомври 2016 година, емитувано е неделното интервју на Радио Слободна Европа, каде гостин беше Зијадин Села, ДПА-ДР.

На 9 октомври 2016 година, емитувано е неделното интервју на Радио Слободна Европа, со Нина Суомалаинен, амбасадор на ОБСЕ во Македонија.

*Дебатни емисии*

***Анализа 24***

*Анализа 24* се емитува секој ден со различни соговорници во студиото, со репризно издание наредниот ден и во текот на викендот.

На 3 октомври 2016 година, со почеток во 11 часот, беше емитувано репризно издание на Анализа *24* на тема: „Политичката криза и предметите на СЈО пред изборите во декември". Учесници во дебатата беа Горан Милевски (претседател на ЛДП) и Александар Пандов (политички аналитичар).

На 4 октомври 2016 година, репризното издание на *Анализа 24* беше на тема: „Смените на началничките позиции во МВР". Гостин беше Оливер Спасовски (министер за внатрешни работи). Освен за работата и состојбите во МВР, Оливер Спасовски одговараше и на прашањата за неговите партиски активности како генерален секретар на СДСМ. Водителот најави дека емисијата била планирана како

соочување меѓу министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски и заменик министерот во МВР, Оливер Андонов, меѓутоа Андонов не одговорил дали ќе дојде на дебатата.

На 4 октомври 2016 година, со почеток во 21 часот и 1 минута, беше емитувано премиерно издание на емисијата на тема „Законите за СЈО не добија поддршка во Собранието", а гости беа Љубомир Јосифовски (НСДП) и независните пратеници Зулфи Адили и Солза Грчева. Водителката посочи дека за учество во дебатата биле упатени покани и до пратениците од СДСМ, ВМРО ДПМНЕ, ДУИ, ДПА, како и до поголем дел од пратениците од помалите партии кои што се дел од коалицијата, меѓутоа некои од нив воопшто не одговориле, дел не ја прифатиле поканата, а пак другите се оправдале со неодложни обврски. Репризно издание бележиме на 5 и 6 октомври 2016 година.

На 5 октомври 2016 година, со почеток во 20 часот и 54 минути, беше новото премиерно издание на емисијата на тема „Скратениот буџет за програмата за превенција и лекување ХИВ и спречување можна епидемија", а гости во емисијата беа Елизабета Божиновска (Хера) и Андреј Сених (Заедно сме посилни). Во рамки на емисијата беше вклучен прилог за полициската интервенција во МИТ универзитетот со изјава од Билјана Апостолова, сопственичка на универзитетот МИТ. Репризното издание беше на 6 октомври 2016 година.

На 6 октомври 2016 година, со почеток во 20 часот и 54 минути, емитувано е премиерно издание на тема „Состојбите на правосудниот систем во Македонија и случувањата кои се поврзани со СЈО. Гости во емисијата беа адвокатите Александар Новаковски, Звонко Давидовиќ и Валентин Зафиров. Репризни изданија имаше на 7 и 10 октомври 2016 година.

На 7 октомври 2016 година, со почеток во 11 часот, беше емитувано репризно издание премиерно емитувано на 28 септември 2016 година, на тема: „Трезор"-шестта Т истрага на СЈО", дебатираа новинарите Љубиша Станковиќ и Владо Апостолов и поранешниот шеф на разузнавање Владимир Пивоваров.

На 7 октомври 2016 година, со почеток во 21 часот, се емитуваше премиерно издание со следниве теми: „Кој не сака избори, ВМРО ДПМНЕ или СДСМ?"; „Имаме ли услови за фер и демократски избори?"; „Кој се плаши од СЈО?" Гости во емисијата беа: Никола Србов, политички аналитичар и докторант по историски науки и Глигор Стоименов, Фродем. Репризните изданија беа на 8 и 11 октомври 2016 година.

На 11 октомври 2016 година, со почеток во 20 часот и 54 минути, во премиерното издание се разговараше за тоа: „Што е слободата?", „Поделеноста на општеството денес, има ли цена достоинството во Македонија?", „Како против црно-белиот свет во земјава?" Гости беа поетите Сашо Гигов Гиш и Дарко Лешоски.

## Член 75-б од Изборниот законик

Во периодот 2 – 11 октомври 2016 година, на ТВ 24 Вести емитуван е еден прилог во кој известувањето за редовни активности на државни органи е во функција на изборно медиумско претставување на политички субјект:

***Дневник во 20 часот 09.10.2016***

20:24:55 – 20:25:55 Тема: „Кирацовски: Не смее да има злоупотреба на администрацијата" – изјава на дополнителниот заменик министер за информатичко општество, Александар Кирацовски, по прашањето за оценување на администрацијата. Кирацовски во прилогот е претставен како дополнителен заменик министер за информатичко општество, а користи партиска предизборна реторика во изјавата иако не ја споменува СДСМ (цитат): „На 11 декември заедно ќе ги направиме промените и вие ќе ја дадете последната оценка на оваа неодговорна власт. Власта на Груевски ќе добие непреодна оценка 1 и нема да имаат шанса ниту да спроведат некакви казни, ниту било какви нарачани оценки. Сакам да им порачам на шефовите и на раководните партиски кадри вградени во администрацијата од страна на ВМРО ДПМНЕ, внимавајте,

недозволувајте да станете инструмент во рацете на криминалната власт. Никој да не се осмели предизборно да се заканува или да уценува вработени во администрацијата со некакви партиски оценки што нема да важат".

***Сектор за програмски работи***